# SEE BEYOND THE HEADLINES

ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ ЧЕСТО СМЕ ОПКРУЖЕНИ СО ЛАЖНИ И МАНИПУЛАТИВНИ ВЕСТИ. ПРОЧИТАЈТЕ ГИ НАШИТЕ НАСЛОВИ И ПРОВЕРЕТЕ ДАЛИ МОЖЕ ДА РАЗЛИКУВАТЕ ЛАЖНА ОД ВИСТИНСКА ИНФОРМАЦИЈА. СТАВЕТЕ ФИЛТЕР НА НАСЛОВИТЕ ЗА ДА ГИ ПОТВРДИТЕ ВАШИТЕ ПРЕТПОСТАВКИ.

GOETHE INSTITUT
Kunsht

# ТЕОРИИ НА ЗАГОВОР

ДАВА ПРОСТИ ОДГОВОРИ НА КОМПЛЕКСНИ И ЗБУНУВАЧКИ ПРАШАЊА. СЕКОГАШ СЕ ВРТИ ОКОЛУ ТАЈНО ЗНАЕЊЕ, КОЕ НАВОДНО Е ВНИМАТЕЛНО СКРИЕНО. ИЗВОРИТЕ НА ВАКВИ ИНФОРМАЦИИ СЕКОГАШ СЕ АНОНИМНИ. ЛУЃЕТО КОИ НЕ ВЕРУВААТ ВО ОВИЕ ТЕОРИИ ЧЕСТО СЕ ОБВИНУВАНИ ДЕКА СЕ СЛЕПИ И ДЕКА ИМ Е ИСПРАН МОЗОКОТ

## НЕПРИЈАТЕЛОТ ОДОЗГОРА

Непријателите нè управуваат

**Властите одлучија: бројот на пензионери треба да се намали. Властите во нашата земја развија таен план. Здравственото осигурување за некои пензионери ќе биде укинато. Оваа информација внимателно е сокриена од сите.**

## НЕПРИЈАТЕЛОТ Е НАДВОР

Надворешни непријатели ја демната заедницата

**Во моментов, се создава коалиција на земји кои ќе ја вовлечат нашата татковина во војна. Неколку земји што не мразат затоа што „сме успешни“ и напредни сакаат да го поткопаат нашиот успех. За да го постигнат ова, наскоро ќе започната војна против нас.**

## НЕПРИЈАТЕЛОТ Е МЕЃУ НАС

Има непријатели внатре во самата заедница

**Дали вашиот сосед има миленик? Во нашиот град се одгледуваат кучиња-убијци. Од нашите доверливи извори дознавме дека во нашиот град непознати лица одгледуваат кучиња кои ќе ги убијат граѓаните на улица. Внимавајте на улиците и на влезовите во зградите.**

## НЕПРИЈАТЕЛОТ ОДОЗДОЛА

Обичниот народ, работниците итн., планираат буна

**Внимавајте на уличните чистачи. Чувме дека на уличните чистачи им е преку глава од нивните понижувачки обврски. Тие планираат востание за да донесат правда. Ова го изјавија нашите извори што не можеме да ги именуваме. Следете ја нашата интернет страница за да бидете први што ќе дознаете кој ќе настрада во погромите.**

## ДОБРОНАМЕРНИ ЗАГОВОРИ

Непознати добри сили тајно работат и чинат добро

**Проблемот со криминалот наскоро ќе биде решен. Чекаме новите повисоки сили да дојдат на Земјата. Ќе ги казнат сите криминалци и потоа љубезност и просперитет ќе владеат низ целиот свет. Нивното појавување не беше предвидено од ниту една од постоечките религии.**

# ЛАЖНИ ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ

ЛИЧАТ КАКО ВИСТИНСКИ ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ НА КОИ МОЖЕ ДА ИМ ВЕРУВАТЕ, НО ВСУШНОСТ СЕ ИМИТАЦИИ И НИВНАТА ЦЕЛ Е ДА ШИРАТ ДЕЗИНФОРМАЦИИ ИЛИ ДА ВИ ГИ УКРАДАТ ПАРИТЕ

## ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ КОИ ИМИТИРААТ

Интернет страници кои имитираат име на домејн што има референца кон добро познат бренд за да шири дезинформации.

Оваа интернет страница имитира име на домејн што има референца кон добро познат бренд за да шири дезинформации.

**http://times.co.uk/**

Точното име на интернет страницата е thetimes.co.uk. Овде може да ги најдете најновите вести од Обединетото Кралство и светот, бизнисот, спортот и коментари.

Интернет страници кои имитираат име на домејн што има референца кон добро познат бренд за да шири дезинформации.

**http://thenato.int**

Точното име на интернет страницата е nato.int. Тука може да ги најдете сите информации за Северноатланската договорна организација.

## ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ ЗА ИЗМАМИ

односно нелегални интернет страници кои се користат да ги намамат корисниците кон проневера.

Ова е интернет станица за измами, односно нелегална интернет страница која се користи да ги намами корисниците кон проневера.

**https://www.shoppign.net**

Се преправа дека е страница за купување на интернет, но всушност ви ги краде парите.

Ова е интернет станица за измами, односно нелегална интернет страница која се користи да ги намами корисниците кон проневера.

**https://wwwш.moneygran.com/**

Точното име на интернет страницата е www.moneygram.com.

## ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ-СЕПТИЧКИ ЈАМИ

Интернет страниците што шират дезинформации и лоши информации; нивните сопственици и автори на материјал се непознати; имињата на овие интернет страници ги имитираат имињата на добро познати медиуми.

**Познат политичар: „Утре ќе дојде крајот на светот ако лидерите на моќните земји не постигнат согласност.“ – www.abccgtn.com**

Ова е интернет страница која шири дезинформации и лоши информации; сопствениците и авторите на материјалите се непознати; името го имитира името на познати медиуми.

**Секој мора да го знае ова и веднаш да го сними – www.cbscnbc.com**

Ова е интернет страница која шири дезинформации и лоши информации; сопствениците и авторите на материјалите се непознати; името го имитира името на познати медиуми.

## ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ СО КРАТОК ЖИВОТЕН ВЕК

Се креираат за краток период за да шират дезинформации и се преправаат дека се сигурни и од доверба.

Името на оваа интернет страница сака да верувате дека тука ќе најдете само проверени заклучоци од професионални експерти. Но, наместо тоа шири лажни вести и манипулации.

**https://www.100experts.com**

Оваа интернет страница сака да верувате дека тука може да ги читате вестите што се сокриени од другите медиуми. Но, наместо тоа шири лажни вести и манипулации.

**https://thewholeknowledge.org/**

## БОТОВИ И ТРОЛОВИ

Лажни страници на социјални мрежи што имитираат вистински луѓе за да започнат расправии и да шират лажни вести и говор на омраза. Често немаат речиси никаква информација на нивните профили, нивните слики се украдени од други профили.

Ова лице не постои. Оваа профилна слика е земена од инстаграм страницата на актерот Шах Рук Кан. Ова е профил на бот што шири лажни информации и говор на омраза.

Џон Болтон

Друзья | Сообщение

Публикации | Информация | Друзья | Фото | Видео | Посещения | Ещё

Краткая информация

Самовработен

Напишите что-нибудь Артур...

Фото/видео | Отметить людей | Чувства/действия

Марија Џонсон

Ова е профил на трол што шири лажни информации и говор на омраза.

Колку треба да ја мразите земјата за да бидете ... френетично ги краде нашите пари од државниот буџет?

Like Reply

GOETHE INSTITUT Kunsht

# ДЕЗИНФОРМАЦИИ

ЛАЖНИ ИНФОРМАЦИИ ШТО СЕ ШИРАТ СО ЦЕЛ ДА СЕ ИЗМАМАТ ЛУЃЕТО (РЕЧНИКОТ НА КЕМБРИЏ)

## ЛАЖНИ ВЕСТИ ДЕФИНИЦИЈА

Лажни приказни презентирани како вести, се шират на интернет или медиумите за да влијаат на политичките и други погледи или како шега.

**Во 2023 Кемал Киличандароглу ги освои претседателските избори во Турција.**

Всушност, Реџеп Таип Ердоган беше тој кој ги освои претседателските избори во Турција во 2023.

**Во Грција владејачката конзервативна партија „Нова Демократија“ ги загуби изборите во јуни 2023.**

Всушност, во Грција владејачката конзервативна партија „Нова Демократија“ ги доби изборите во јуни 2023.

## ЦРНА ПРОПАГАНДА

Пропаганда што не доаѓа од изворот од кој што се тврди дека доаѓа (Речник на англискиот јазик на Колинс); дава впечаток дека е креирана од тие кои треба наводно да ги дискредитира.

**“Благодарни сме на Лабуристичката партија што ги поддржува тероризмот и исламскиот фундаментализам во Иран!” - Исламската фондација на Нов Зеланд**

Всушност, Исламската фондација на Нов Зеланд не постои. Овој наслов е црна пропаганда против Лабуристичката партија со цел тие да ги загубат изборите.

**Новоизбраниот политичар Стефанио Самуртозо тврди дека користи дрога и дека во младоста украл кокошка.**

Всушност, лага е. Овој наслов е црна пропаганда против Стефанио Самуртозо со цел тој да ги загуби изборите.

GOETHE INSTITUT Kunsht

# ФАБРИКУВАНА СОДРЖИНА

СОДРЖИНА КОЈА КОРИСТИ ЛАЖНИ ИЛИ НЕЦЕЛОСНИ ИНФОРМАЦИИ СО ЦЕЛ ДА ИЗМАМИ НЕКОГО

## ЦИТАТИ ИЗВАДЕНИ ОД КОНТЕКСТ

Дел од цитатот кој е презентиран како целинина и ставен во друг контекст за да го промени значењето на пораката.

**Џо Бајден признава дека американски трупи се борат во Украина, изјави: “Исклучителниот успех на оваа мисија се должи на неверојатната вештина, смелост и несебична храброст на војската на САД и нашите професионалци во дипломатијата и разузнавањето”.**

Всушност,целиот цитат е за Авганистан

## ЛАЖНИ ФОТОГРАФИИ И ВИДЕА

Фотографии и видеа кои се видоизменети со фото или видео едитор со цел да се смени информацијата која ја пренесуваат.

**Џо Бајден со сопругата одат во кампањска обиколка**



Всушност, ова видео е фотошопирано.

## ПСЕВДО ЕКСПЕРТИ

Луѓе кои се преправаат дека се експерти во некое поле иако не се, обично за да се шират лажни вести и манипулации.

**Политички научник: „Војната во Сирија ќе заврши кога главниот град Бејрут ќе биде под контрола на бунтовниците“.**

Оваа личност не е експерт. Всушност, Бејрут е главен град на Либан.

# МАНИПУЛАТИВНА СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ПРОИЗВЕДЕНА ЗА ДА НАТЕРА НЕКОГО ДА НАПРАВИ НЕШТО ЗА ВАША КОРИСТ, ЧЕСТО НЕФЕР И НЕЧЕСНО

## КЛИКБЕЈТ

Наслов кој го предизвикува читателот да кликне на линкот во приказната. Но името се користи пејоративно за да опише наслови кои се сензационалистички и кои излегува дека се реклами или погрешно ве наведуваат.

**Откријте кој од вас ќе почине денес.**

Ова е кликбејт наслов. Всушност, во овој напис ќе дознаете кои обични болести можат да предизвикаат смрт.

**Овие лоши навики не го нарушуваат вашето здравје.**

Ова е кликбејт наслов. Всушност, во овој напис ги дознавате сите лоши навики кои се штетни, токму затоа се викаат штетни навики. Работата е што некои се поштетни, а други не до толку.

## ПРИСТРАСНИ ВЕСТИ

Еднострани вести кои покажуваат неразумна преференца или одбивност за личност, предмет или за настан засновани на лично мислење.

**Експерти објаснуваат зошто Доналд Трамп може да победи на претседателскит е избори во 2024.**

Овие вести се пристрасни и даваат само едно гледиште - гледиштето на поддржувачите на Трамп. Вистинското новинарство ќе го презентира исто така и гледиштето на противниците на Трамп.

## МНОГУ ЕМОТИВНА СОДРЖИНА

**Поевтино ни е да умреме.**

Овој наслов е премногу емотивен. Професионалниот наслов треба да биде „Парламентот ги промени условите за социјална помош на граѓаните."

**Нашата иднина: глад, 10 години без Сонце и смрт на 5 милијарди луѓе.**

Овој наслов е премногу емотивен. Професионалниот наслов треба да биде „Во Соединетите Американски Држави група на научници ги споделија резултатите од нова студија за последиците од нуклеарна војна ако таа се случи меѓу Русија и САД.

## МИСЛЕЊА ПРЕЗЕНТИРАНИ КАКО ФАКТИ

Прогноза, проценка, претпоставка или нечија субјективна преференца која е објавена не како цитат туку како докажан факт.

**Глобалното затоплување ќе заврши за 5 години.**

Ова мислење е презентирано како факт. Всушност, ова е само она што познатиот климатолог Антонио Веренеирас сака да се случи.

**Бројот на туристи во нашата земја следната година ќе се дуплира.**

Ова мислење е презентирано како факт. Всушност, „Ова ќе се случи ако нашата влада целосно ги укине даноците за туристичката индустрија," според мислењето на познатиот макроекономист Педро Квадиларо.

# МЕМИЊА

ДОСЕТЛИВИ КРАТИКИ ИРОНИЧНИ ИНФОРМАЦИИ (ФРАЗА, СЛИКА, АУДИО, ВИДЕО) КОИ ПРИКАЖУВААТ ОДРЕДЕН СТАВ ЗА НЕКОИ НАСТАНИ ИЛИ ОКОЛНОСТИ И СЕ СПОДЕЛУВААТ НА ИНТЕРНЕТ

Најчесто вербални - текст или аудио




Ова е пристрасна содржина против Доналд Трамп за да ги убеди гласачите да не гласаат за него. Спакувана е во форма на хумористично меме за да ги допре младите на социјалните мрежи.

Комбинирано - текст + фотографија




Ова е пристрасна содржина во корист на Доналд Трамп за да ги убеди гласачите да гласаат за него. Спакувана е во форма на хумористично меме за да ги допре младите на социјалните мрежи.

Најчесто невербални - фотографија или видео




Ова е социјална кампања за да се седи дома за време на корона-вирусот. Спакувана е во форма на хумористично меме за да ги допре младите на социјалните мрежи.

# ВИСТИНСКА СОДРЖИНА

ОВА Е ПРОВЕРЕНА ИНФОРМАЦИА КОЈА СЕ КОРИСТИ ДА ГИ ИНФОРМИРА ЛУЃЕТО ДА ДОНЕСАТ ПРАВИЛНИ ОДЛУКИ. ГИ ИСПОЛНУВА СТАНДАРДИТЕ НА НОВИНАРСТВОТО

## Трамп му проповеда на хор во религиозна област каде се е простено.

Ова е насловот на вистинскиот напис. Иако има игра на зборови и слики, сите информации се вистинити и кореспондираат со содржината на написот.

## 30 лица се повредени, 2 критично на маалска забава во Балтимор

Ова е насловот на вистински напис. Насловот ги дава само фактите Текстот содржи потврда за овие информации со референца кон полицијата. Пукањето се случило околу 12:35 по полноќ изјави вршителот на должност комесар Ричард Ворли на прес-конференција.

## Рубикова коцка, дебели чорапи и вртоглаво исчекување: Последните часови на Титан

Ова е насловот на вистински напис. Иако насловот не ни кажува за што ќе биде написот, дава само вистински факти. Текстот е за петте патници кои се качиле на подморницата Титан во надеж дека ќе се придружат на малкумината кои ги виделе остатоците од потонувањето на Титаник од блиску. Но, по неколку часа пораките престанале да пристигнуваат.

GOETHE INSTITUT Kunsht